Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

Интегритет и антикорупција
во бизнис-секторот

КОНЕКТ

ЗДСРМ



# Транспарентност и отчетност на претпријатијата во државна сопственост

Скопје, јануари 2019 год.

Издавач: Центар за граѓански комуникации

Лектура: Татјана Б. Ефтимоска

Тираж: 200

Бесплатен/некомерцијален тираж

Овој проект е финансиран од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за граѓански комуникации и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


5 Клучни наоди

7 Методологија на истражувањето

9 Рангирање на претпријатијата според транспарентноста и отчетноста

12 Транспарентност на претпријатијата во однос на организацијата на работењето

16 Транспарентност на претпријатието за овозможување пристап до информации од јавен карактер

23 Отчетност на претпријатијата во однос на резултатите од работењето

22 Анекс 1: Стандарди за оценка на транспарентноста и отчетноста на претпријатијата во државна сопственост

25 Анекс 2: Листа на претпријатија кои се предмет на оценка и рангирање

# Клучни наоди

- Просечното ниво на транспарентност и отчетност на претпријатијата во државна сопственост, односно исполнувањето на законските обврски и добрите стандарди, изнесува само 28% од можни 100%.
- Ниту едно од 30-те најголеми претпријатија во државна сопственост, чии вкупни годишни приходи надминуваат 700 милиони евра, нема високо или солидно ниво на транспарентност.
- Исполнети се услови за разрешување на 18 директори на јавни претпријатија, од кои 6 основани од Владата, а 12 од локалните власти, поради необјавување извештаи од работењето. Ова е последица на непочитување на Законот за јавни претпријатија за навремено објавување на веб-страницата на јавното претпријатие на тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење за 2018 година, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие за 2017 година.
- Гледано од аспект на основачите – претпријатијата основани од Владата имаат просечно ниво на транспарентност од 31%, а претпријатијата основани од општините 27%. Од аспект на статусот на претпријатијата основани од Владата, пак, произлегува дека јавните претпријатија имаат малку повисоко ниво на транспарентност, и тоа од 33% наспроти акционерските друштва со 29%.
- Гледано на ниво на одделни претпријатија, на врвот на ранг-листата со највисоко ниво на исполнување на обврските, и тоа од само 52%, се наоѓа јавното претпријатие основано од Владата – ЈП за државни патишта. На дното со 0% се наоѓа акционерското друштво Градски трговски центар, чиј државен капитал гласи на име на АД за стопанисување на деловен простор во државна сопственост (детален приказ на исполнувањето на стандардите на транспарентност за 30-те најголеми претпријатија во државна сопственост е овозможен на веб-платформата opendata.mk )
- Речиси половина од претпријатијата ги немаат објавено ниту имињата на членовите на управните и на надзорните одбори. Објавувањето на биографиите на членовите на овие управувачки органи, со што нивната компетентност би се ставила на увид на пошироката јавност, е пракса само на две претпријатија.

- Ниту едно претпријатие основано од Владата или од општините не објавува информации за седниците на управните одбори. Само Македонската радио-телевизија – Скопје, претпријатие основано од Собранието, објавува записници од одржаните седници на Програмскиот совет. Ниту едно претпријатие нема објавено податоци за надоместоците што им се плаќаат на членовите на нивните управни и надзорни одбори.

- Само едно претпријатие ја има испочитувано законската обврска за објавување лице овластено за заштитено внатрешно пријавување, а ниту едно го нема објавено Правилникот за заштитено внатрешно пријавување. Станува збор за АД Електрани на Македонија, каде што е наведено овластеното лице, но не е објавен и соодветниот правилник. Но, и тука е даден само телефонски број на овластеното лице, а не и поштенската или електронската адреса.

- Обврската за задолжително објавување на плановите за јавни набавки со сите измени и дополнувања не ја почитуваат дури 67% од претпријатијата. Само две претпријатија (Државна лотарија и МЕПСО) на својата веб-страница објавуваат огласи за јавни набавки, што значи дека 97% не ја почитуваат обврската. Само едно јавно претпријатие (Водовод – Куманово) ги има објавено известувањата за склучените договори за јавни набавки.



- Ниту едно претпријатие на својата веб-страница нема објавено известувања за реализираните договори за јавни набавки, за да се види дали институцијата практикува анекс-договори и дали целосно и соодветно ги реализира договорите.

- До најголемите претпријатија во земјава, во 2017 година биле доставени вкупно само 174 барања за пристап до информации од јавен карактер, и тоа од едно барање кое го добила Проаква од Струга, до максималните 20 барања доставени до Македонска пошта. Притоа, по 72 барања се доставени од НВО и граѓани, 16 од правни лица и само 14 од новинари. Овие бројки говорат дека ниското ниво на транспарентност на претпријатијата во државна сопственост е проследено и со мал интерес на засегнатите страни да обезбедат релевантни податоци за работењето на овие претпријатија и на тој начин да го следат квалитетот на услугите кои им ги даваат на граѓаните.

# Методологија на истражувањето

Стандардите врз основа на кои е направена оценката на транспарентноста и отчетноста на претпријатијата во државна сопственост се утврдени преку анализа на релевантната законска регулатива и на меѓународните стандарди. Оттука, доминантен дел од избраните стандарди се законски обврзувачки за претпријатијата, а помал дел се стандарди што се сметаат за добра практика.

Во однос на законските обврски, станува збор за стандарди што се предвидени со Законот за јавни претпријатија, со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и со Законот за заштита на укажувачите.

Во дефинирањето на стандардите земени се предвид и законите што ја регулираат специфичната дејност на одредени претпријатија (Закон за енергетика, Закон за комуналните дејности, Закон за поштенски услуги, Закон за водостопанство итн.), како и Законот за хартии од вредност. Како правен акт што е обврзувачки за претпријатијата во државна сопственост, земен е предвид и Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година. Додека, пак, во однос на добрата практика, како основа се земени стандардите што ги препорачува ОЕЦД (Организација за економска соработка и развој) во Водичот за корпоративно управување на претпријатијата во државна сопственост. Според овие насоки, претпријатијата во државна сопственост треба да ги почитуваат високите стандарди за транспарентност и отчетност.

Врз основа на анализа на сите посочени закони и препораки, изготвена е листа на 30 стандарди, поделени во три сегменти: транспарентност во однос на организацијата на работењето, транспарентност за пристап до информации и транспарентност за резултатите од работењето (стандардите се дадени во прилог на оваа анализа, Анекс 1).

По утврдувањето на посочените стандарди, следеше изборот на 30-те најголеми претпријатија во државна сопственост кои ќе бидат предмет на мониторинг и рангирање. Изборот е направен врз основа на големината на приходите остварени во последните три години на сите 118 претпријатија кои се основани од Владата и се во нејзина доминантна сопственост, како и од општините кои доставиле годишни сметки до Централниот регистар на РМ. Истражувањето за остварените финансиски резултати на претпријатијата во државна сопственост е објавено на opendata.mk.

Оценката на транспарентноста и отчетноста на претпријатијата е извршена врз основа на проверка дали тие на својата веб-страница ги објавуваат информациите, документите и податоците кои се релевантни за нивното работење (30-те стандарди

за транспарентност и отчетност), по што е извршено бодување и рангирање на претпријатијата. Бодувањето се движи од 1 до 3, во зависност од нивната важност.

Селектираните 30 најголеми претпријатија, во периодот 2015-2017 година, имаат остварено просечен годишен приход од 717 милиони евра, што претставува 93% од вкупните приходи на сите 118 претпријатија во државна сопственост (770 милиони евра). Во листата на 30 најголеми претпријатија (листата на овие претпријатија е дадена во прилог, Анекс 2) се наоѓаат 13 претпријатија кои се основани од Република Македонија, 15 од општините и Градот Скопје, едно основано од Собранието на РМ и едно од ЈП за стопанисување со деловен простор во државна сопственост. Притоа, од 13 претпријатија основани од Владата, седум имаат статус на акционерски друштва, а шест се јавни претпријатија. Акциите на акционерските друштва чијшто основач е Владата се 100% во сопственост на државата и овие АД не котираат на берзата. Во АД Градски трговки центар – Скопје, пак, како единствено кое котира на берзата, сопственик на доминантен дел од акциите, односно 97,58%, е АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост.

Ова истражување е дел од проектот **Засилување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и во приватниот бизнис-сектор**, поддржан од Европската Унија. Проектот предвидува користење мониторинг и истражување за да се идентификуваат генератори на корупција, ранливи области и активности што се одговорни за корумпираната пракса на претпријатијата во државна сопственост. Значењето на овие активности произлегува оттаму што покрај ресорните министерства, државните претпријатија се најголемиот извор на политичка и економска моќ за владејачките партии. Најочигледен аспект на ваквата моќ е што претпријатијата во целосна државна сопственост остваруваат приходи на годишно ниво од 700 до 800 милиони евра, што е еднакво на буџетите на сите општини во земјава, каде што јавните средства се трошат под многу поголема јавна контрола во споредба со претпријатијата во државна сопственост.



Истражувањата ќе бидат фокусирани врз оценување на транспарентноста и отчетноста на државните претпријатија (рангирање врз основа на индикатори во согласност со законските обврски и Упатствата на ОЕЦД); политизација на управувачките структури во државните претпријатија (анализа на изборот и именувањето на членовите на управниот и на надзорниот одбор, како и нивните надлежности во поглед на односите со владејачките партии), слабиот надзор и перформанси во споредба со нивната економска моќ (приходи, расходи, број на вработени, финансиски резултати, неплатени обврски, наплата на побарувања итн.).

# Рангирање на претпријатијата според транспарентноста и отчетноста

Просечното ниво на транспарентност на претпријатијата во државна сопственост изнесува само 28% од можните 100% исполнување на законските обврски и добрите стандарди.

Ниту едно од 30-те најголеми претпријатие во државна сопственост нема високо или солидно ниво на транспарентност. Само седум претпријатија имаат ограничено ниво на транспарентност, односно исполнување на обврските од 40% до 60%. Речиси половина од претпријатијата (14) имаат минимално ниво на транспарентност, односно исполнуваат од 20 до 40% од обврските, додека, пак, дури 9 претпријатија имаат оскудно ниво на транспарентност, односно исполнување на обврските помало од 20%.

| Транспарентност | Број претпријатија |
|---|---|
| Високо ниво на транспарентност (исполнување на обврските од 80-100%) | 0 |
| Солидно ниво на транспарентност (исполнување на обврските од 60-80%) | 0 |
| Ограничено ниво на транспарентност (исполнување на обврските од 40-60%) | 7 |
| Минимално ниво на транспарентност (исполнување на обврските од 20-40%) | 14 |
| Оскудно ниво на транспарентност (исполнување на обврските од 0-20%) | 9 |

Гледано од аспект на основачите, претпријатијата основани од Владата имаат просечно ниво на транспарентност од 31%, а претпријатијата основни од општините 27%.

Гледано од аспект на статусот на претпријатија основани од Владата, произлегува дека јавните претпријатија имаат малку повисоко ниво на транспарентност и тоа од 33%, наспроти акционерските друштва со 29%.

Неопходно е да се нагласи дека АД ГТЦ не е вброен во претпријатијата основани од Владата за да се запази формалниот сопственик, иако и кај ова претпријатие во крајна линија одговорноста ѝ припаѓа на Владата како основач на АД за стопанисување на деловен простор во државна сопственост.

Гледано од аспект на годишните приходи на овие претпријатија произлегува дека претпријатијата со ограничено ниво на транспарентност имаат годишни приходи од 283 милиони евра, додека пак оние со минимално ниво на транспарентност 381 милион евра. Претпријатијата со оскудно ниво на транспарентност имаат годишни приходи од 53 милиони евра.

## Ниво на транспарентност според приходите

| Нивоа на транспарентност | Вредност на годишните приходи во милиони евра | Удел во вкупните приходи |
|---|---|---|
| Ограничено | 283 | 40% |
| Минимално | 381 | 53% |
| Оскудно | 53 | 7% |



Гледано на ниво на претпријатија, на врвот на ранг-листата со највисоко ниво на исполнување на обврските, и тоа од само 52%, се наоѓа јавното претпријатие основано од Владата – ЈП за државни патишта, а на дното, пак, со нула отсто се наоѓа акционерско друштво Градски трговски центар, чиј државен капитал гласи на име на АД за стопанисување на деловен простор во државна сопственост.

## Ранг-листа на претпријатија според транспарентноста

| | Назив на претпријатието: | Исполнување | Ниво на транспарентност |
|---|---|---|---|
| 1 | ЈП за државни патишта | 52% | Ограничено ниво |
| 2 | АД МЕПСО Скопје | 48% | Ограничено ниво |
| 3 | ЈП Паркови и зеленило Скопје | 46% | Ограничено ниво |
| 4 | АД МЖ Транспорт Скопје | 45% | Ограничено ниво |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | ЈП за железничка инфраструктура МЖ - Скопје | 45% | Ограничено ниво |
| 6 | ЈП Комунална хигиена Скопје | 43% | Ограничено ниво |
| 7 | Македонска радио-телевизија – Скопје | 42% | Ограничено ниво |
| 8 | ЈП Водовод и канализација – Скопје | 40% | Минимално ниво |
| 8 | ЈП Комуналец Прилеп | 40% | Минимално ниво |
| 10 | Јавно сообраќајно претпријатие Скопје | 38% | Минимално ниво |
| 11 | АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје | 33% | Минимално ниво |
| 12 | ЈКП Дервен Велес | 32% | Минимално ниво |
| 12 | ЈКП Водовод Кочани | 32% | Минимално ниво |
| 14 | АД Електрани на Македонија | 30% | Минимално ниво |
| 15 | ЈП Стрежево Битола | 28% | Минимално ниво |
| 15 | ЈП Македонски шуми - Скопје | 28% | Минимално ниво |
| 17 | ЈП Македонија пат Скопје | 27% | Минимално ниво |
| 18 | ЈП Водовод – Куманово | 23% | Минимално ниво |
| 18 | ЈП Улици и патишта - Скопје | 23% | Минимално ниво |
| 20 | ЈП Комуналец Битола | 22% | Минимално ниво |
| 21 | АД Водостопанство на Република Македонија | 21% | Минимално ниво |
| 22 | ЈП Комуналец - Струмица | 20% | Оскудно ниво |
| 23 | АД Македонска Пошта | 18% | Оскудно ниво |
| 24 | ЈП Македонска радиодифузија – Скопје | 17% | Оскудно ниво |
| 25 | ЈКП Водовод – Битола | 15% | Оскудно ниво |
| 26 | АД Државна лотарија на Македонија | 13% | Оскудно ниво |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27 | Меѓуопштинско јавно претпријатие Проаква Струга | 12% | Оскудно ниво |
| 27 | ЈКП Тетово | 12% | Оскудно ниво |
| 29 | ЈП Исар – Штип | 7% | Оскудно ниво |
| 30 | АД Градски трговски центар Скопје | 0 | Оскудно ниво |

ЈП за државни патишта, со исполнување на 52% од поставените стандарди, има ограничено ниво на транспарентност во своето работење. Ова јавно претпријатие својата предност ја должи, меѓу другото, на објавувањето годишен извештај за работењето во 2017 година, ревизорски извештај за 2017 година, годишна програма за работа, како и на објавувањето на имињата на вработените и нивните контакт-информации. Но, ниту на веб-страницата на ова претпријатие, иако е прво рангирано, не можат да се видат информации за членовите на управниот и на надзорниот одбор, ниту, пак, кварталните финансиски извештаи за 2018 година, што е законска обврска со последните измени на Законот за јавни претпријатија.

На самото дно на листата е АД ГТЦ, кое нема објавено ниту еден податок или документ којшто би укажал и на најмал обид за манифестирање на транспарентност на работењето пред граѓаните. ГТЦ, како единствено акционерско друштво со државен капитал кое котира на берзата и каде што 97,58% од акциите ги поседува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, на својата веб-страница не објавува ниту еден од документите што можат да се најдат на веб-страницата на Македонска берза, како што се: финансиски извештаи, биланси на успех, јавни повици за Собрание на акционери и донесени одлуки на Собранието.



Детален приказ на исполнувањето на стандардите на транспарентност за 30-те најголеми претпријатија во државна сопственост е овозможен на веб-платформата opendata.mk

## Транспарентност на претпријатијата во однос на организацијата на работењето

Во оваа група на стандарди се вбројуваат: објавувањето прописи и информации за надлежностите на претпријатието, објавувањето статут, програма за работа и развој, објавувањето стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи, потоа објавување организациската структура (шема, органограм) на претпријатието, како

и имињата на директорот и на вработени/раководители со контакти, со позиција, службен е-маил и службен телефон, како и сите релевантни информации за раководните органи и нивното работење. Просечното ниво на исполнување на овие стандарди изнесува само 28%.

Произлегува дека само 9 од 30 претпријатија објавуваат програма за работа и развој, едногодишна или повеќегодишна. Не објавувајќи ги програмите за работа, претпријатијата во државна сопственост не им овозможуваат на граѓаните да имаат увид во нивната работа и да ја следат соодветно.

**Дали претпријатието има објавено програма за работа и развој?**

● Да ● Не






Ист е соодносот на претпријатијата и во однос на објавувањето на статутите за работење.

Понатаму, иако е обврска која произлегува од Законот за пристап до информациите од јавен карактер, дури 14 од претпријатијата (47%) на својата веб-страница не ги објавуваат законите и подзаконските акти што ги регулираат нивната работа и обврските. Притоа, и кај оние претпријатија кои ги имаат објавено законите, тоа е проследено со објавување и на низа измени и дополнувања, така што без пречистен текст на законот, којшто најчесто недостасува, граѓаните не можат да бидат сигурни ни во релевантноста на објавеното.

Законот за пристап до информациите од јавен карактер предвидува и објавување стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи. Анализата покажа дека вакви документи немаат објавено дури 21 претпријатие.

**Дали претпријатието објавува стратегии, ставови, мислења, студии?**

● Да ● Не




Објавување на списокот на вработени во институцијата, со нивната работна позиција, службен е-маил и службен телефон, што како стандард за транспарентност го воведе Владата во текот на 2018 година, не е соодветно следена дури ниту од претпријатијата чијшто основач е Владата. Сепак, како добра пракса, овој стандард е земен како релевантен за сите претпријатија. Анализата покажа дека само ЈП за државни патишта го има објавено списокот на вработени, додека, пак, 18 претпријатија (60%) ги имаат објавено само раководителите на сектори/одделенија, а 11 претпријатија (37%) немаат објавено никакви податоци.



**Дали претпријатието има објавено список на лица вработени во институцијата со позиции, службен е-маил и службени телефони?**

● Да, за сите вработени
● Не
● Да, но само за раководителите




Дури 24 од 30-те најголеми претпријатија во државна сопственост (80%) немаат објавено биографија на директорот на претпријатието, што претставува добра практика и е во согласност со Водичот за корпоративно управување на претпријатијата во државна сопственост на ОЕЦД.

На веб-страниците на претпријатијата недостасуваат и податоци за членовите на управните и на надзорните одбори, како и нивните биографии, за да ѝ се овозможи на јавноста да се увери во нивната компетентност, што е во согласност со стандардите предвидени со Водичот на ОЕЦД. Притоа, во анализата на исполнувањето на овие стандарди за транспарентност се имаше предвид дека наместо управен одбор, АД Водостопанство и АД ГТЦ имаат Одбор на директори, додека, пак, МРТВ има Програмски совет. Во органите на управување, АД Водостопанство, АД за стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката и АД ГТЦ немаат надзорен одбор и оттука овој параметар не се однесува на нив.

Објавување податоци за Управните одбори

| | |
|---|---|
| Објавени членовите на УО и нивните биографии | 3 |
| Објавени само имиња на членовите на УО | 13 |
| Не објавиле никаков податок | 14 |

Објавување податоци за Надзорните одбори[1]

| | |
|---|---|
| Објавени членовите на НО и нивните биографии | 2 |
| Објавени само имиња на членовите на НО | 11 |
| Не објавиле никаков податок | 14 |

Ниту едно претпријатие основано од Владата или од општините не објавува информации за седниците на управните одбори. Само Македонската радио-телевизија – Скопје, претпријатие основано од Собранието, објавува записници од одржаните седници на Програмскиот совет. Ниту едно претпријатие нема објавено податоци за надоместоците што им се плаќаат на членовите на нивните управни и надзорни одбори, што претставува стандард предвиден со Водичот за корпоративно управување на претпријатијата во државна сопственост на ОЕЦД.

1 АД Водостопанство, АД за стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката и АД ГТЦ немаат надзорен одбор.

## Транспарентност на претпријатието за овозможување пристап до информации од јавен карактер

Од 30-те најголеми претпријатија во државна сопственост, само АД ГТЦ не е имател на информации од јавен карактер, иако причините за ваквиот статус на ова претпријатие не се познати. Како иматели на информации, сите претпријатија се должни да го објават името на службено лице кое е задолжено за посредување со информациите, да го објаснат начинот за поднесување барање за пристап до информации, да објават листа на информации од јавен карактер со кои располагаат, како и да издаваат соопштенија за јавноста, информативен билтен или друг облик на информирање. Во оценката на нивото на исполнување на стандардите за транспарентност е земен предвид и бројот на денови во којшто претпријатието одговорило на доставено барање, како и почитувањето на обврските за информирање на заинтересираните страни за заштитеното внатрешно пријавување.

Во овој сегмент претпријатијата покажаа највисоко ниво на исполнување на стандардите на транспарентност, односно 33%, но и во овој дел работите се далеку од поволни. Од оваа група на стандарди е исклучен АД ГТЦ, со оглед на тоа што нема статус на имател на информации.



Дури 15 од 29 претпријатија на својата веб-страница го немаат објавено ниту името на службеното лице за посредување со информации, иако е тоа законска обврска.

**Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?**




Дури 23 од 29 претпријатија (79%) на своите веб-страници не го објасниле начинот за поднесување на барањето за пристап до информации упатувајќи на стандардниот образец.

Законот за пристап до информациите од јавен карактер ги обврзува претпријатијата да ја објават листата на информации со кои располагаат.

**Дали е објавена листа на информации од јавен карактер со кои располага претпријатието?**

● Да ● Не




За да се добие подобра слика за нивото на транспарентност на претпријатијата, еден од 30-те стандарди е и рокот во којшто е добиен одговорот на доставените барања за пристап до информациите од јавен карактер.  На сите претпријатија им беше испратено унифицирано барање за пристап до информации од јавен карактер во ист ден. Во максималниот законски рок од 30 дена добиени се одговори од 25 претпријатија, а со задоцнување од 4 дена одговорот е добиен од ЈП Македонски шуми П.О. Скопје. АД ГТЦ се повика на тоа дека не е имател на информации од јавен карактер, а одговори не беа добиени од АД Водостопанство на РМ, ЈП Исар Штип, ЈКП Тетово. Трите претпријатија коишто законски се обврзани да ги доставаат побараните информации не го сторија тоа ни по доставените жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Проблемот е во тоа што, од мај 2018 година, Комисијата нема доволен број на членови и не заседава за да може да донесе решение со кои ќе им наложи на институциите да ги доставаат побараните информации.

Од сите претпријатија беше побарано да доставаат податоци за бројот на добиени барања во 2017 година, за структурата на барателите и за тоа како е одговорено на барањата. Целта беше да се оцени колку граѓаните, НВО, медиумите и фирмите го користат оваа свое право за соодветно да се информираат за работењето на овие претпријатија.

Анализата на добиените податоци покажа дека до најголемите претпријатија во земјава, во 2017 година биле доставени вкупно само 174 барања за пристап до информации од јавен карактер, и тоа од едно барање кое го добила Проаква од Струга до максималните 20 барања доставени до Македонска пошта. Притоа, по 72 барања се доставени од НВО и граѓани, 16 од правни лица и само 14 од новинари. Овие бројки говорат дека ниското ниво на транспарентност на претпријатијата во државна сопственост се проследени и со мал интерес на засегнатите страни да

обезбедат релевантни податоци за работењето на овие претпријатија и на тој начин да го следат квалитетот на услугите кои им се даваат на граѓаните.

Со оглед на тоа што транспарентноста води кон намалување на корупцијата, како особено важни можат да се истакнат обврските на државните претпријатија што произлегуваат од Законот за заштита на укажувачи, а тоа се објавување на лице кое е овластено лице за прием на пријави од укажувачи и објавување на Правилникот за заштитено внатрешно пријавување.

Само едно претпријатие ја има испочитувано оваа законска обврска и има објавено лице овластено за заштитено внатрешно пријавување, но не и посочениот правилник. Станува збор за АД Електрани на Македонија, каде што е наведено овластено лице, но не е објавен и соодветниот правилник. Но, и тука е даден само телефонскиот број на овластеното лице, но не и поштенската или електронската адреса. Во согласност со Законот за заштита на укажувачи (член 4) - укажувачот врши заштитено пријавување во институцијата, односно правното лице, за каде што има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или се загрозува јавниот интерес. Заштитеното внатрешно пријавување укажувачот го извршува во усна или во писмена форма.



## Транспарентност на претпријатијата во однос на резултатите од работењето

Најниско ниво на транспарентност и отеченост претпријатијата имаат во сегментот на објавувањето извештаи и податоци за своето работење. Процентот на реализација на овие стандарди е едвај 21%.

Објавувањето годишни извештаи за работењето, како и објавувањето финансиски извештаи за работењето на годишно и квартално ниво се директна законска обврска на јавните претпријатија. Сепак, во насока на градење повисоко ниво на транспарентност и отчетност и на акционерските друштва кои се сопственост на државата, овие стандарди се земени како релевантни и за нив. Имено, акционерските друштва на Владата се 100% во нејзина сопственост и не е во интерес на граѓаните ако овој нивен статус се користи за намалување на отчетноста.

Оттука, анализата на најголемите претпријатија покажа дека заклучно со 30 ноември 2018 година, дури две третини од претпријатијата немаат објавено оперативен извештај за своето работење во 2017 година.

**Дали имаат објавен извештај за работењето за 2017?**

● Да ● Не




Состојбата со објавувањето на финансиските извештаи од работењето во 2017 година е само малку подобра.

**Дали имаат објавен финансиски извештај за работењето за 2017?**

● Да ● Не




Во однос, пак, на кварталните финансиски извештаи (за вториот квартал од 2018 година извештајот требало да се објави до 30 јули 2018 година, а за третиот квартал до 31 октомври 2018 година), соодносот на необјавување наспроти објавување изнесува 40% : 60%.

**Дали имаат објавени квартални финансиски извештаи за работењето за 2018?**

● Да ● Не



Во согласност со последните измени на Законот за јавни претпријатија, кои стапија на сила во април 2018 година, исполнети се условите Владата и локалните власти да разрешат 18 директори во јавните претпријатија поради необјавување финансиски извештаи. Имено, според член 24-а став 8 од Законот за јавните претпријатија, *„директорот на јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот во случаи: ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и членот 7-а став 1 од овој закон не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.“*

Само 4 јавни претпријатија, од 22 кои се дел од оваа анализа, ги имаат објавено годишните извештаи за работењето за 2017, финансиските годишни извештаи за 2017 и квартални извештаи за 2018 година.

Притоа, иако измената на Законот за јавни претпријатија е направена на иницијатива на актуелната Влада и е во духот за заложбите за зголемување на транспарентноста и отчетноста, буквално ниту едно јавно претпријатие чијшто основач е Владата не ги објавило на својата веб-страница потребните извештаи за работењето. Само три јавни претпријатија, основани од Градот Скопје, ги имаат објавено овие извештаи (Паркови и зеленило, Комунална хигиена и ЈСП), како и Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија – Скопје, основано од Собранието.



Стандардите за транспарентност во однос на јавните набавки се преземени од обврските кои претпријатијата ги имаат во согласност со Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година.

Обврската за задолжително објавување на плановите за јавни набавки со сите измени и дополнувања не ја почитуваат дури 67% од претпријатијата.

**Дали го имаат објавено планот за јавни набавки за 2018?**

● Да ● Не




Во однос на обврската за објавување на огласите за јавни набавки и тендерските

документации, само АД Државна лотарија ги има објавено и огласите и тендерските документации, додека, пак, МЕПСО ги има објавено само тендерските документации за постапките за јавни набавки.

**Дали ги објавуваат огласите и тендерската документација за јавните набавки?**

- ДА, и огласите и тендерската документација
- ДА, само тендерската документација
- НЕ




Само едно јавно претпријатие (Водовод – Куманово) ги има објавено известувањата за склучените договори за  јавни набавки.



Ниту едно претпријатие на својата веб-страница нема објавено известувања за реализираните договори за јавни набавки, за да се види дали институцијата практикува анекс-договори и дали соодветно и целосно ги реализира договорите.

**Дали ги објавуваат известувањата за склучените договори за јавни набавки?**

- Да
- Не



# АНЕКС 1: СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНКА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

## Транспарентност во однос на организацијата на работењето

1. Дали се објавени прописите со кои се регулираат надлежностите на претпријатието?
2. Дали се објавени информации за надлежностите на претпријатието?
3. Дали е објавен статутот на претпријатието?
4. Дали е објавена програма за работа и развој, едногодишна или повеќегодишна?
5. Дали се објавени стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на претпријатието?
6. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на претпријатието?
7. Дали се објавени имињата на директорот и на вработените/раководителите со контакти, позиција, службен е-маил и службен телефон?
8. Дали е објавена биографијата на директорот на претпријатието?
9. Дали се објавени членовите на управниот одбор и нивните биографии? (АД Водостопанство и АД ГТЦ имаат Одбор на директори, додека, пак, МРТВ има Програмски совет)
10. Дали се објавени членовите на надзорниот одбор и нивните биографии? (АД Водостопанство и АД ГТЦ немаат Надзорен одбор, и оттука овој параметар не се однесува на нив)
11. Дали се објавуваат информации за седниците на управниот одбор?
12. Дали се објавени податоци за надоместоците што им се плаќаат на членовите на управниот и на надзорниот одбор на претпријатието?

## Транспарентност за овозможување пристап до информации од јавен карактер

13. Дали има посебен оддел за пристап до информации?
14. Дали е објаснет начинот за поднесување барање за пристап до информации?
15. Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?
16. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, е-маил адреса?
17. Дали е објавена листа на информации од јавен карактер со кои располага претпријатието?
18. Дали се издаваат соопштенија за јавност, информативен билтен или друг облик на информирање?
19. Во колкав временски рок претпријатието го доставило одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер?
20. Дали има објавено Правилник за заштитено внатрешно пријавување?
21. Дали има објавено контакт од лице овластено за заштитено внатрешно пријавување?



## Отчетност за резултатите од работењето

22. Дали е објавен оперативен извештај за работењето во 2017 година?
23. Дали се објавени финансиски извештаи за 2017 година?
24. Дали се објавени кварталните финансиски извештаи за 2018 година?
25. Дали е објавен извештај на независна ревизија за финансиските извештаи на претпријатието за 2017?
26. Дали е објавен годишен план за јавни набавки за 2018 година?

27. Дали се објавуваат огласи и тендерски документации за јавни набавки?

28. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

29. Дали се објавуваат известувања за реализираните договори за јавни набавки?

30. Дали се објавени податоци за финансиските и оперативните резултати за претпријатијата на кои им е основач? (Прашањето важи само за ЈП Паркови и зеленило како основач на две друштва со ограничена одговорност, Флораком ДООЕЛ и Луна ДООЕЛ  и на ЈСП Скопје како основач на ЈСП Турс.)

# АНЕКС 2: ЛИСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ОЦЕНКА И РАНГИРАЊЕ

## Најголемите 30 претпријатија во државна сопственост според висината на просечниот годишен приход во периодот 2015-2017

| Ранг | Претпријатие | Основач | Просечни приходи во евра |
| --- | --- | --- | --- |
| 1 | АД ЕЛЕМ Скопје | Влада на РМ | 235688556 |
| 2 | Јавно претпријатие за државни патишта | Влада на РМ | 114830148 |
| 3 | АД МЕПСО Скопје | Влада на РМ | 86337493 |
| 4 | ЈП за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О.-Скопје | Влада на РМ | 27797999 |
| 5 | ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА-Скопје | Град Скопје | 24684380 |
| 6 | ЈСП  Скопје | Град Скопје | 27524058 |
| 7 | АД Македонска пошта Скопје | Влада на РМ | 21365817 |
| 8 | ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА-Скопје | Град Скопје | 19843144 |
| 9 | Македонски железници Транспорт АД - Скопје | Влада на РМ | 22135738 |
| 10 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје | Собрание на РМ | 19032718 |
| 11 | ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта МАКЕДОНИЈА ПАТ - Скопје ц.о. | Влада на РМ | 15018451 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката | Влада на РМ | 18993997 |
| 13 | ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје | Влада на РМ | 14445370 |
| 14 | АД Водостопанство на РМ во државна сопственост | Влада на РМ | 7370200 |
| 15 | ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - Скопје | Град Скопје | 6655491 |
| 16 | ЈП за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Ц.О. Струмица | Општина Струмица | 4710143 |
| 17 | ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА Скопје | Град Скопје | 4897099 |
| 18 | ЈП МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - Скопје | Влада на РМ | 5607710 |
| 19 | ЈКП ВОДОВОД Битола | Општина Битола | 3760360 |
| 20 | ЈП за комунално-производни и услужни работи ИСАР ПО Штип | Општина Штип | 3662909 |
| 21 | АД за издавање на деловен простор под закуп - ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР - Скопје | АД за стопанисување на деловен простор во државна сопственост | 3600970 |
| 22 | ЈП СТРЕЖЕВО Битола | Влада на РМ | 3637628 |
| 23 | ЈП ВОДОВОД Куманово со Ц.О. Куманово | Општина Куманово | 3574461 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24 | Меѓуопштинско ЈП за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на општина Охрид и Струга за заштита на Охридското Езеро ПРОАКВА Струга | Општините Охрид и Струга | 3506634 |
| 25 | АД Државна лотарија на Македонија | Влада на РМ | 3324488 |
| 26 | ЈКП ТЕТОВО ц.о. Тетово | Општина Тетово | 3195952 |
| 27 | ЈКП ДЕРВЕН Велес | Општина Велес | 3107959 |
| 28 | ЈКП КОМУНАЛЕЦ Прилеп | Општина Прилеп | 2883590 |
| 29 | ЈКП ВОДОВОД Кочани | Општина Кочани | 2894605 |
| 30 | Комуналец Битола П.О. | Општина Битола | 2788139 |
| | **Вкупно** | | **716876205** |